**Изработила: Марија Кузманоска – ОУ „Д-р Владимир Полежиноски"- Кичево**

| **Недела3** Датум:<br>**број на** Час 5 | | | **ПРВО ПОЛУГОДИЕ Тема 1А: 9.1 Сили и движење**<br>Единица: **Вовед во густина** | | | **ОДДЕЛЕНИЕ:IX** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми за успех** | **Активности** – **Опис** | **Ц/Г/И** | **Ресурси** | **Доказ за постигнатото** |
| 5 мин. | -Одредува густина на тврди, течни и гасовити тела, вклучувајќи користење на формулата густина = маса / волумен | -Можам да одредувам густина на тврди, течни и гасовити тела, вклучувајќи користење на формулата густина = маса / волумен | Покажете видео клип од гумен предмет кој се фрла во правец на луѓе, за кој тие мислат дека е потежок отколку што тој навистина е. Дискутирајте за клипот. *Зошто луѓето бегаат од предметот? Дали големите предмети се секогаш потешки?* | Ц | Предложен линк:<br>[https://youtu.be/fE67XeUeaHY](https://youtu.be/fE67XeUeaHY) | -Набљудување, дискусија, прашања и одговори (учениците дискутираат, објаснуваат и даваат свои заклучоци во врска со видео клипот) |
| 20 мин. | | | Учениците ги проучуваат масите на различни материјали со еднаква големина. Тие нека се обидат да ја одредат масата на секој материјал и нека ги внесуваат резултатите во табела (обезбедете табела со простор во кој може да се пресмета густината).<br>Покажете им како се пресметува густината на еден примерок. Учениците ја пополнуваат табелата со вредностите за густина на сите примероци. | Г<br>техника:гроздд, табела | Блокови од различни материјали со еднаква големина (на пр. 1cm3): од челик, дрво, алуминиум, цинк, стиропор, олово, тула, мермер, камен, порцелан, итн. | -мерење, пресметување со користење на формула<br>Серија мерења внесени табеларно во колони со единици мерки-проверено од соучениците |
| 10 мин | | | Учениците нека даваат сугестии на прашањето зошто предметите имаат различна густина. За да им помогнете, покажете им три еднакви кутии или папки (сите со различни маси). Прашајте ги *Зошто кутиите имаат различни маси?* Извлечете ја идејата дека кутиите содржат различен број предмети, коишто имаат различни маси.<br><br>Поврзете го ова со идејата дека атомите | Ц /И<br>техника: коцката е фрлена | | (Учениците ја мерат масата на различни материјали со еднаков волумен и ја применуваат формулата за да |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 мин. | -Толкува резултати користејќи научно знаење и разбирање.<br><br>-Извлекува заклучоци. | -Можам да ги толкувам резултатите<br><br>Можам да правам точни мерење,да ја користам формулата и да извлечам заклучок од извршените мерења и пресметки. | имаат различни маси, големини, и може да се групираат на различни начини.<br><br>**Заклучете** дека различни материјали може да имаат различни маси иако нивниот волумен е ист. Густината се пресметува со формулата маса / волумен. | И / Ц | | ја одредат густината. )<br><br>-Разговор, прашања и одговори (Учениците правилно ги претставу ваат и читаат добиените резултати)<br><br>(Учениците објаснуваат дека густина = маса / волумен) |

| **Организирање:** Детали за диференцијација / групи / улога на возрасни (поврзани со активности) | **Белешки / можности за проширување на знаењето / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Воведната активнист е наменета за цела паралелка во која се дискутира за големината на предметите и нивната маса.<br><br>Групни активности: Учениците се поделени во четири групи и сите групи имаат исти активности, кои учениците можат да ги извршуваат самостојно . Наставникот помага во групите, каде има потреба за да ги поддржи во текот на нивната работа. | Забелешка: овие идеи дека атомите имаат различни маси, големини, и може да се групираат на различни начини се надоврзуваат на поимите со кои учениците се сретнале во предметот Хемија.<br><br>Работен лист за проширување на знаењето.<br><br>Домашна работа: Избери еден предмет на кој лесно можеш да му го определиш волуменот, со помош на вага одреди ја неговата маса и со помош на формулата пресметај ја неговата густина. | густина<br>волумен<br>маса<br>проучува<br>споредува<br>прави<br>разлика |

**Изработила: Марија Кузманоска – ОУ „Д-р Владимир Полежиноски“- Кичево**

техника: коцката е фрлена - работен лист

| m ( маса на тело) | V ( волумен) |
|---|---|
| 1.1g | 1.1$cm^3$ |
| 2.10g | 2.2 $cm^3$ |
| 3.200g | 3.10 $cm^3$ |
| 4.1kg | 4.1 $m^3$ |
| 5.0,8kg | 5.1 $dm^3$ |
| 6.2kg | 6.0,01 $m^3$ |

Пример: **добиена задача (2,5)** Пресметај ја густината на телото со маса **10g** и волумен **1 $dm^3$** . Добиените вредности изрази ги во $g/cm^3$ и во $kg/m^3$ .